ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 201/2007
Загреб, 10. 09. 2007.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **10.09.2007. година** со почеток во **11.35 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, Б. Штерјов – Загреб и М. Мајиќ – Задар.

**Отсутни:** И. Христодулов – Риека и претставник – Пула.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, Драгољуб Сиљановски – Претставник на Осиечко-барањската жупанија, Марија Чинчурак – Претставник на Град Осиек и Хата Радевска – секретарка на МКД „Биљана„ од Задар.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на сосотанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради настапот на јубилејната X. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ во концертана сала „В. Лисински„ кој ќе се одржи на 04.11.2007. година во Загреб, и им го прочита информативно дн. ред. за работа.

На почетокот, претс. А. Митревски на присутните им ги изнесе најновите информации во врска со Друштвото од Пула и рече дека идната недела од градските власти од Пула ќе се бара да во рок од 15 дена ја окончаат постапката за издавање на решение, било позитивно или негативно, а потоа ќе се делува по донесената одлука. Бидејќи тие до сега немаат поднесено никаков финансиски Извештај за нивната работа во 2007. година до Заедницата и до Советот за нац. малцинства во РХ, и ако не го поднесат до крајот на годината, ќе се бара од Советот средствата кои им се доделени за оваа година да се пренаменат за други активности.

Во врска со настапот на јубилејната X. Манифестација „Културно творештво на националните малцинства во РХ„ по расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да учествуваат членови од сите друштва кои имаат пејачки, фолклорни и музички секции;
- Да се контактира со Зико Горгијев ако е во можност да прифати и биде кореограф на настапот;
- Учесниците да бидат распределени на следниот начин: оркестар – 4 учесници, фолклор – до 10 учесници, пејачи – до 16 учесници; Оркестар – Сплит, Фолклор –

Риека, Осиек и Сплит, Пејачи: Задар – до 2 учесника, Загреб – до 4 учесника, Осиек – до 5 учесника и Сплит до 6 учесника;

- Ј. Цветичанин да ги контактира сите водители на пејачките секции за да се осмисли репертоарот на изведбата.

За Планот и програмите на работа за 2008. година претс. А. Митревски нагласи дека треба да бидат осмислени и припремени од страна на друштвата за идната седница на УО на Заедницата. Исто така, на финансиските Извештаи треба да се поработи повеќе, бидејќи се уочени некои неправилности и пропусти. Но, по статистиката на полугодишните Извештаи изработени од друштвата, видливо е дека сите друштва се солвентни и дека имаат доволно финансиски средства за остварување на своите програми.

На крајот, Ј Цветичанин рече дека на 06., 07. и 13. октомври ќе се одржат Деновите на македонската култура во Осиек, а А. Митревски ги извести присутните дека Друштвото од Сплит во ноември гостува во Р. Македонија со настапи во Скопје, Штип и Битола, и потоа го затвори состанокот со позив на дружење во Амбасадата на РМ во РХ по повод 08. септември, Денот на државноста на РМ.

Седницата заврши во 12.35 часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ